Република Македонија
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 01-372/1
31.12. 2013 год.
Штип

**П Р А В И Л Н И К**

За безбедност и здравје при работа на вработените
во Национална установа Завод и Музеј-Штип

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 92/2007, член 42 од Законот за работни односи ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 62/05 и 106/08 година) и член 14 став 1 алинеја 16 од Статутот на Национална установа Завод и Музеј -, Управниот одбор на Национална установа-Завод и Музеј-Штип, на донесе

**П Р А В И Л Н И К**

За безбедност и здравје при работа на работниците во
Национална установа Завод и Музеј - Штип

## I - ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип се уредува:
- организација на безбедноста и здравјето при работа;
- права и обврски на работниците во областа на безбедноста и здравјето при работа;
- мерки за безбедноста и здравјето при работа.

Член 2

Безбедноста и здравјето при работа е составен дел на организацијата на работата и работниот процес во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип а ги опфаќа мерките, средствата и методите за создавање на безбедни услови за работа.

Безбедни услови за работа во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип се остваруваат со примена на законските и подзаконските прописи преку: современи техничко технолошки, организациони, правни, социјални, здравствени и други мерки и средства за работа.

Член 3

Процесот на работата воЗавод и Музеј-Штип мора да биде организиран така да секој работник со соодветна способност и со потребно нормално внимание може да работи, без опасност за својот живот и здравје, за животот и здравјето на другите работници и присутни.

Организацијата на безбедноста и здравјето при работа ги опфаќа сите вработени во Музејот, како и други присутни лица во Музејот.

Член 4

Секој вработен во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип има право и обврска да согласно законските, подзаконските прописи и одредбите од овој Правилник се грижи за спроведување на мерките и средствата за безбедност и здравје при работа, без оглед на работното место.

**Член 5**

Во остварувањето на правата и интересите на вработените од областа на безбедноста и здравјето при работа согласно законските прописи учествува и синдикатот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип

Член 6

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип е должен при секое вработување на работник, распоредување на ново работно место и промена на средствата за работа да го информира работникот за преземените мерки за безбедно извршување на работите и потребата од примена на истите од страна на работникот.

Член 7

Одделни стручни работи од областа на безбедноста и здравјето при работа Музејот може да довери на надворешни овластени физички или правни лица, под услови и на начин утврдени со закон.

## II - ОРГАНИЗАЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА, ОБВРСКИТЕ И ПРАВАТА НА НАДЛЕЖНИТЕ ВО НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип

Член 8

Безбедноста и здравјето при работа на вработените во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Штип ја организираат и спроведуваат:
1.- Директорот на Завод-Музеј
2.- Програмскиот директор на Завод-Музеј
3.- Одговорен работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа,
4.- Претставник на работниците за безбедност и здравје при работа

1.- *Директорот на Завод-Музеј е должен*:

Член 9

- Со Правилник за безбедност и здравје при работа да ги уреди правата и обврските за безбедност и здравје при работа во Завод-Музеј
- да планира мерки и средства за обезбедување, развој и унапредување на безбедноста и здравјето при работа;
- донесува *годишна програма* на мерки и средства за безбедност и здравје при работа и ја следи реализацијата на истата;
- согласно законот и подзаконските прописи изготвува *изјава за безбедност* за секое работно место, прецизирајки го начинот и мерките кои треба да се превземат;
- во случај на промена на условите или појава на нова опасност на работното место и во работната средина за која претходно е изготвена изјава Директорот мора да направи *нова изјава забезбедност*;
- донесува *план за евакуација и спасување* во случај на вонредна ситуација;
- согласно законските прописи *обезбедува здравствени прегледи на вработените*;
- при планирање, набавка на средства и опрема за работа и воведување на нова технологија, *да се консултира и соработува со вработените и нивните претставници*;
- за вршење на работите од областа на безбедноста и здравјето при работа мора да назначи *одговорен работник* за спроведување на мерките за безбедност и здравје при раборта;
- на вработените или на нивните претставници *да им дозволи да учествуваат во дискусија* за сите прашања кои се однесуваат на безбедноста и здравјето при работа;

- *да склучи договори* со други правни субјекти специјализирани за давање услуги, особено во однос на давање прва помош, итна медицинска помош, активности за евакуација и спасување и противпожарна заштита;
- донесува *програма за обука* за безбедно извршување на работата на вработните;
- преку *писмени известувања и упатства* да ги информира вработените и нивните претставници за секој вид на ризик на работните места, како и за безбедносните мерки потребни за контрола на ризиците и навремено елиминирање на штетните последици за безбедноста при извршувањето на работата;
- ги разгледува и спроведува *налозите и решенијата* од инспекцискиот надзор;
- *синдикалната организација или собирот на вработените* да ги консултира за сите мерки на безбедност и здравје при работа, за назначување на стручно лице или овластено правно или физичко лице за безбедност, за ангажирање на овластена здравствена установа, за изјавата за безбедност, планирањето и организацијата на обуките и за информирањето на вработените.

Член 10

- во соработка со раководителите на одделите/одделенијата и одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа, да организира и се грижи за целосна примена на годишната програма на мерките за безбедност и здравје при работа, одредбите на овој Правилник, законските и подзаконските прописи;
- согласно пропишаните стандарди за вработените врши набавка и пушта во употреба опрема, средства за работа и лична безбедност и здравје при работа;
- во случај на повреда или ненадејна болест на вработен на работа, организира стручно давање на прва помош и ако е потребно негово упатување на лекување во здравствена установа;
- согласно законските прописи и програмата за обука, на секој вработен да му обезбеди соодветна обука за безбедност и здравје при работа;
- согласно законските прописи води грижа средствата за работа да се одржуваат во исправна состојба и да ја проверува исправноста и безбедноста за работа со повремени прегледи;
- во случај на непосредна, сериозна и неизбежна опасност на вработените да им даде соодветни упатства за запирање на работењето, брзо напуштање на работното место и евакуација на безбеден простор;
- води грижа за периодични мерења на хемиски, физички и биолошки штетности, микроклимата и светлоста во работните и помошните простории;
- опремата и средствата да ги обезбеди со знаци за опасност и упатства за безбедна работа, во согласност со посебните прописи;
- во случај на смрт, колективна несреќа, повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена и секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа, веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа по настанот писмено да ја извести инспекцијата на трудот;
- предлага програма на мерки за безбедност и здравје при работа;
- ги разгледува предлозите, мислењата и забелешките на вработените во врска со безбедноста и здравјето при работа и по истите превзема соодветни мерки и постапки.

3.- *Одговорен работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа е должен:*

Член 11

- да го советува Директорот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа;
- да го советува Директорот за опремување на работното место и работната средина;
- да води непосредна грижа за организација и примена на мерките за безбедност и здравје при работа;
- се грижи за запознавање на вработените со мерките и средствата за безбедност и здравје при работа и начинот на нивната употреба согласно законските прописи;
- изработува упатства за безбедно извршување на работата;
- врши внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работите;
- учествува во проверката на инсталации, орудија и други средства за работа преку нивно ставање во употреба;
- ги следи и врши анализа на повредите поврзани со работењето, професионалните болести, врши идентификација на причините за истите и подготвува извештаи за Директорот, заедно со сите предложени безбедносни мерки;
- согласно законските и подзаконските прописи води потребна евиденција во областа на безбедноста и здравјето при работа во Музејот;
- во соработка со раководителите на одделите/одделенијата учествува во планирање и подготовка на програма на мерки за безбедност и здравје при работа;
- контактира со инспекцијата на трудот и подготвува извештаи за преземените мерки по инспекциските налози;
- ги следи законските и подзаконските прописи и дава предлози за изработка на акти за безбедност и здравје при работа;
- до надлежните органи во Музејот дава информации во врска со непридржувањето кон мерките и средствата за безбедност и здравје при работа;

*Обврски за стручно лице со положен стручен испит за безбедност при работа*:
- изготвува на стручна основа изјава за безбедност;
- врши редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина;
- врши редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема;
-подготвува програма и спроведува обуки на вработените за безбедно извршување на работата.

4.- *Претставник на работниците за безбедност и здравје при работа*

Член 12

Претставникот на работниците за безбедност и здравје при работа го избираат вработените на синдикален собир од мнозинскиот синдикат или на собир на вработените во Завод-Музеј Претставнокот од став 1 на овој член има посебна заштита од работен однос, согласно закон и колективен договор.

Член 13

Согласно законот и бројот на вработените во Завод-Музеј, за претставник на вработените се определува еден работник, а над 101 работник двајца.

Член 14

Претставникот на работниците има право на посебна обука за безбедност и здравје при работа специфична за музејската дејност, под услови предвидени со колективен договор и овој Правилник.

Обуката се извршува преку посета на: курсеви, семинари, советувања, стручни предавања и други форми на обучување од областа на безбедност и здравје при работа.

Член 15

Представникот на работниците има право:
- да се грижи за примена на прописите и спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа;
- да ги обиколи работните места поради согледување на состојбата во врска со безбедноста;
- да разговара со Директорот на Завод-Музеј за потребите и проблемите на безбедноста и здравјето при работа;
- да ја извести инспекцијата на трудот за нејзино посредување, да присуствува, да ги даде своите согледувања и да има увид во записникот составен од страна на инспекторот;
- за време на инспекцискиот надзор да им се овозможи на вработените да им ги достават своите забелешки во врска со безбедноста и здравјето при работа ;
- да побара од Директорот на Завод-Музеј информации и да има пристап до изјавите за процена за безбедноста и извештаите што се обврска на Директорот и други документи во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа;
- да соработува со вработените и сите субјекти во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Член 16

Претставникот на работниците за безбедност и здравје при работа функцијата ја врши волонтерски без надомест, за работно време.

## III - ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

Член 17

Завод-Музеј е должен на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбедност и здравје при работа и тоа:
- при вработување;
- во случај на преместување на ново работно место;
- во случај на воведување на нова технологија или нови средства за работа;
- во случај на секоја измена на работниот процес која може да го промени нивото на безбедноста и здравјето при работа.

Обуката се прилагодува кон спецификите на работното место и мора да се изведува во согласност со програмата за обука на вработените.

Член 18

Обуката на работниците за безбедно извршување на работите во Завод-Музеј се врши теоретски и практично.

Обуката од став 1 на овој член се врши за работно време и на товар на Музејот.

Ако Завод-Музеј не е во можност да го спроведе обучувањето на работниците, тоа може да го довери на овластени физички или правни лица.

Обучувањето на работниците може да се реализира и преку семинари, предавања, прикажување на филмови и слично.

Член 19

За работните места каде што е констатирана зголемена опасност од повреди или нарушување на здравјето при процена на ризикот, Завод-Музеј за одреден временски

период утврдува задолжителни теоретски и практични проверки на обученоста на работниците за безбедно извршување на работата

Член 20

Завод-Музеј е должен најмалку еднаш годишно да организира обучување на сите вработени за укажување на прва помош со теоретски и практичен дел.

Член 21

Во врска со безбедноста и здравјето при работа работникот има право:
- при засинвање на работниот однос преку одговорниот работник да се запознае со мерките за безбедност и здравје при работа и да биде обучен за нивна примена;
- да биде информиран за правата, обврските и одговорностите во врска со безбедноста при работа, со опасностите што постојат и со правилата за безбедност и здравје при работа;
- во текот на работењето да се оспособи и грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него;
- да ги користи средствата за работа кои се во исправна состојба и на кои се применуваат пропишаните мерки, нормативи и стандарди за заштита при работа;
- да користи лични заштитни средства и опрема потребни за сигурно и безбедно извршување на работите;
- да учествува во утврдувањето и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина, да дава предлози, мислења и забелешки за нови или подобрување на постојните мерки за безбедност и здравје при работа.

Член 22

Работникот има право да одбие да работи на своето работно место ако не се применети мерки за безбедност и здравје при работа, па му се заканува непосредна опасност по животот и здравјето, се до отстранувањето на причините кои ја нарушиле безбедноста на неговото работно место.
За причините поради кои одбива да работи писмено да го извести раководниот персонал и претставникот на работниците за безбедност и здравје при работа.
Доколку Завод-Музеј не ја отстрани опасноста, или не постапи во согласност со мислењето на овластена здравствена установа, работникот може да побара интервенција од надлежниот инспекторат на трудот.

Член 23

Во интерес на безбедноста и здравјето при работа работникот е должен:
- за време на работењето да се придржува кон предвидените мерки и средства за безбедност и здравје при работа;
- својата работа да ја извршува со големо внимание и претпазливост заради обезбедување и заштита на своето здравје, како и на животот и здравјето на другите работници и присутни;
- да ги почитува пропишаните меки за правилно користење на средствата за работа и не смее да ги исклучува, менува или отстранува заштитните направи на опремата;
- на непосредниот раководител, одговорниот работник или претставникот за безбедност и здравје при работа да ги пријавува оштетувањата, дефектите или другите недостатоци на средствата за работа кои ги забележал, ако поради тоа непосредно се загрозени безбедноста, животите и здравјето на работниците;
- да учествува во теоретската и практичната обука која се спроведува за безбедно работење на работниците во Завод-Музеј;

- во случај на повреда на работник при работа или ненадејна болест, до неговото упатување на лекување во здравствена установа да дава прва помош;
- да учествува во евакуација и спасување на работниците во случај на пожар, природни непогоди и други опасности по животите и здравјето;
- да соработува со надлежните во Завод-Музеј во врска со спроведувањето и унапредувањето на безбедноста и здравјето при работа;

Член 24

Работниците во Завод-Музеј прават повреда на обврските предвидени за безбедност и здравје при работа во случај:
- кога не користи средства за работа и лична безбедност и здравје предвидени со овој Правилник;
- ако не пристапи на проверка за утврдување на алкохолизираност, користени наркотични средства или ако не го напушти Завод-Музеј кога е констатирано дека не се придржува кон мерките за безбедност и здравје при работа;
- ако на барање на непосредниот раководител или друго надлежно лице одбие да учествува во евакуација, спасување или давање на прва помош;
- кога не го почитува законот за забрана на пушење, односно пуши во работен и друг простор каде што е забрането;
- ако не ги извести надлежните во Завод-Музеј за опасностите по безбедноста и здравјето или за друг инцидент со кој може да се загрози неговата безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на други вработени и присутни;
- ако средствата за работа и лична безбедност ги користат спротивно на правилата предвидени за безбедно извршување на работите;

Надлежните во Завод-Музеј прават повреда на обврските за безбедност и здравје при работа во случај:
- ако не обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа;
- ако распореди работник на работно место без да му обезбеди соодветна обука за безбедност и здравје при работа;
- ако не изготви и спроведе изјава за безбедност за секое работно место во Завод-Музеј;
- ако опремата и средствата за работа согласно законските и подзаконските прописи не ги обезбеди со знаци за опасност и упатства за работа;
- ако не донесе план за евакуација и спасување во случај на вонредна ситуација;
- ако не ги информира работниците за безбедно извршување на работите преку писмени известувања и упатства;
- работен простор, средства и опрема за работа пушти во употреба без да обезбеди примена на пропишаните мерки, нормативи и стандарди за безбедност и здравје при работа;
- не врши надзор над спроведувањето на мерките за безбедност и здравје при работа или не поведе постапка во случај на повреда на правата и обврските за безбедност и здравје при работа;
- во случај на смрт, колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена, не достави писмено известување до надлежниот инспекторат;
- согласно законот не води евиденција за превземените мерки и активности за безбедност и здравје при работа;
- во други случаи утврдени со закон, подзаконските прописи и овој Правилник.

Член 25

Работникот може привремено да биде отстранет од работното место и Завод-Музеј ако:
- во Музејот внесува, употрбува или е под дејство на алкохол и наркотични средства;
- работата ја врши несовесно и спротивно на прописите и упатствата за безбедност и здравје при работа;
- за време на работа не ја користи предвидената опрема и средства за лична безбедност и здравје при работа;
- со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;
- средствата и опремата за безбедност и здравје при работа не ги одржува во исправна состојба;
- ако одбие да постапи по наредба, известување или упатство за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа;
- во други случаи предвидени со закон и овој Правилник.

Отстранувањето во случаите од став 1 на овој член се врши со налог на Директорот или Програмскиот директор на Музејот, за што писмено се известува претставникот на работниците за безбедност и здравје при работа.

## IV - МЕРКИ ЗА ЗАБЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

1 - *Општи мерки за безбедност и здравје при работа*

а) *Обезбедување на хигиена и здравствени услови за работа*

Член 26

Сите работни простори, места кои служат за премин, како и места во кои се наоѓаат санитарни и други уреди предвидени за општа употреба мора да се одржуваат во чиста и исправна состојба.

Член 27

Санитарните уреди треба во секое време да бидат обезбедени со тоалетна хартија и соодветна вентилација, а додека кај чешмите мора постојано да има сапун и хартија.
Секој корисник на санитарните уреди во Музејот, заради обезбедување на јавната чистота е должен, по користењето на истите задолжително да пушти вода.

Член 28

Работните простории и скалите мораат секојдневно да се чистат.
Ако чистењето се извршува за време на работа тоа треба да биде така извршено за да не се загадува околината и не смета во работењето на Завод-Музеј
Ѕидовите и таваните на работните простории, салите, лабораториите, ходниците и депоата треба редовно да се чистат.

Член 29

За време на зимскиот период сите работни простории треба да бидат затоплени.
Температурата во работните простории, во зависност од видот на работата и местото на извршувањето треба да биде во согласност со важечките нормативи.
Во зимски услови при снежни врнежи, Музејот е должен веднаш да започне со чистење на снегот на отворените простори пред објектот, со што ќе обезбеди непречен пристап до објектот.

Член 30

Работните простории, изложбените сали, лабораториите, ходниците и депоата треба да бидат осветлени.
Природното и вештачкото осветлување мора да биде во согласност со важечките стандарди.

Член 31

Сите работни простории во Завод-Музеј мора да бидат обезбедени со редовно проветрување.
Природното и вештачкото проветрување мора да биде обезбедено во зависност од јачината и видот на загадување во работните простории.
Бројот, големината, распоредот и положбата на прозорците и други отвори за природно проветрување на просториите мора да обезбедува промена на воздухот и микроклиматските услови во летниот и зимскиот период, според нормативите согласно законските прописи.
Подрумските простории и друг простор наменет за работа треба да биде заштитен од влага.

Член 32

Завод-Музеј е должен во работните и помошните простории во кои се одвива технолошки процес да врши испитување на хемиските, биолошките и физичките штетности, микроклимата и осветленоста.
Микро климатските испитувања се вршат во летниот и зимскиот период.

Член 33

На работниците кои за време на извршувањето на работата се валкаат, им се обезбедуваат потребни средства за отстранување на нечистотијата.
За сместување на облеката (лична и заштитна) и обувките на работниците се обезбедуваат соодветни гардероби или шкафови и тоа посебно за работниците, а посебно за работничките.
Секој работник во Завод-Музеј е должен својот гардеробен простор да го одржува во чиста и исправна состојба.

Член 34

Во работните простории, изложбените сали, ходниците и друг работен простор во Завод-Музеј, како и надворешниот простор на Музејот, на погодни места се поставуваат корпи за сместување на отпадоци, кои секојдневно се чистат.
Во работните простории, изложбените сали, депоата, ходниците и надворешниот простор на Музејскиот комплекс забрането е плукање, фрлање на отпадоци,опушоци, мастики и друг отпаден материјал или внесување и хранење на домашни миленичиња (кучиња, мачиња и др.), освен со писмено одобрение од Директорот.

Член 35

Завод-Музеј не може да распореди заболен работник на работно место, на кое според неговата здравствена и работна способност утврдена со превентивни здравствени прегледи, постои ризик од натамошно влошување на неговото здравје или професионално, односно друг вид на заболување.

Член 36

Во случај на инвалидност на работник Завод-Музеј е должен да го распореди на работно место кое одговара на новонастанатата здравствена состојба.

Член 37

По потреба за одредени работни места заради утврдување на здравствената и работната способност, Завод-Музеј може да упати работник на контролен здравствен преглед.
При упатувањето на работник до здравствената установа потребно е да се достават податоци за видот на работите и за работните услови во кои работникот работи.

Член 38

Завод-Музеј е должен, средствата за работа да ги одржува во исправна состојба и да ја проверува нивната исправност и безбедност за работа, со повремени прегледи и испитувања кои ги врши на начин и во рокови пропишани со упатството на производителот, техничките прописи и стандардите, односно согласно законските прописи.
Завод-Музеј не смее да стави во употреба средства за работа кои не се прегледани и испитани за безбедно работење, ниту пак работникот смее да употреби такво орудие за работа.

б) *Заштита од електрична струја, пожар и експлозија*

Член 39

За заштита од случаен допир, сите делови од електричната инсталација, машини, електрични апарати и уреди кои се изолирани со соодветен изолационен материјал, а се под напон задолжително треба да бидат обезбедени со соодветна заштита.
Заштитата на водовите мора да завршува во склопот на машината, односно електричниот уред за која служи, при што металните делови на електричните уреди и инсталации мора да бидат прописно уземјени.

Член 40

Сите електрични инсталации, приклучоци, сијалици, електрични табли, осигурувачи, воздушни водови, изолирани проводници, преносни направи мора да одговараат на пропишаните стандарди и да бидат во исправна состојба.
Забранета е употреба на поправани, премостени и замастени осигурувачи.
Одговорни за квалитетот, исправноста и правилна употреба на електричната инсталација и уредите, топлотна, водоводна, громобранска и друг вид на инсталација како и за одржувањето на истата се: Директорот на Завод и Музеј и електричарот, хауз мајстор.

Член 41

Во лабораториите, депоата, гаражите и работилниците на Завод-Музеј се забранува:
- држење на запаливи материи и средства што може да предизвикаат пожар и експлозија;
- користење на предмети и средства за работа со отворен пламен, искрење, садови под притисок и грејни тела;

Во централна конзерваторска лабараторија, лабараторијата за текстил и други работни места каде што при извршувањето на тековните работи се користат грејни тела, отворен оган, запаливи материи и други штетни материи треба да се посвети посебно внимание при работењето, а работите да се извршуваат од претходно обучени работници.

Член 42

Се забранува употреба на решоа, грејалки и други грејни тела во работните и други простории.
Се забранува пушење во работните простории, изложбените сали, депоата и ходниците, односно во целокупниот затворен простор на Завод-Музеј и во просторот надвор од Завод-Музеј, каде што е дозволено пушење, работниците треба да употребуваат пепелници, а отпушоците и догорчињата да ги изгаснат и соберат во пепелници.
Во просториите наведени во став 2 од овој член на видно место се истакнуваат знаци за забрана за пушење.

Член 43

За време на работа и на работно место се забранува внесување и конзумирање на алкохол и наркотични средства.

Член 44

Работните простории, изложбените сали и депоата мора да бидат обезбедени со потребен број на противпожарни апарати и хидранти, поставени на видно, достапно и означено место, согласно законските прописи.
Противпожарните апарати и хидранти потребно е редовно да бидат сервисирани, употребливи и во исправна состојба.

в) *Средства за лична безбедност и здравје при работа*

Член 45

Во зависност од работното место и условите под кои ги извршува работите, а со цел за лична безбедност и здравје при работа и поефикасно работење на вработените во Завод и Музеј-Штип им се обезбедуваат за користење средства за лична безбедност и здравје и тоа:

- на возачите: работничко одело (комбинизон), заштитни ракавици и гумени чизми;
- на куриров: мантил, мантил за дожд, чевли, поштарска ташна;
- на хигиеничарките: мантили, заштитни ракавици, марами, боросанки (заштитни патики) и гумени чизми;
- на телефонист-портир: мантил;
- на столарски работници: кожни ракавици, заштитни очила, заштитни чевли, мантил, заштитна маска или респиратор;
- на фотографите: мантил и гумени ракавици;
- на препараторите и конзерваторите: мантили, гумени ракавици, заштитни очила, заштитна маска или респиратор;
- на вработените од депоата: мантили и гумени ракавици;
- на хауз мајсторот: гумени заштитни чевли, гумени заштитни ракавици, мантил и гумени чизми;
- на работниците кои одат на теренски истражувања: (археолошки локалитети) гумени чизми, заштитни чевли, кабаници, работнички одела, заштитни шлемови и заштитни ракавици;
- на сите останати работници им следуваат работни мантили.

Член 46

Средствата за лична безбедност и здравје при работа на работниците им се доделуваат према роковите утврдени во овој Правилник.

Минималните рокови за користење на средствата за лична безбедност и здравје утврдени во член 45 на овој Правилник изнесуваат:
- заштитни чевли, 12 месеци;
- гумени и заштитни ракавици, по потреба (6 месеци);
- работничко одело (комбинизон), 24 месеци;
- работни мантили, 24 месеци;
- гумени чизми, кожни и гумени ракавици, 24 месеци;
- заштитни маски или респиратори, заштитни очила, 24 месеци;
- боросанки (заштитни патики) 12 месеци;
- работничко одело (блуза и пантолони), 24 месеци;
- заштитен шлем, 60 месеци;
- кабаница (мантил за дожд), 60 месеци.

Член 47

Право на користење на средствата за лична безбедност и здравје при работа, работникот стекнува со денот на засновање на работниот однос.

Член 48

Работникот средствата за лична безбедност и здравје при работа должен е правилно и наменски да ги користи и секогаш да ги одржува во чиста и исправна состојба.
Средствата за лична безбедност и здравје се користат исклучиво за работно време.
По завршувањето на работното време сите средства за лична безбедност и здравје се оставаат во простории кои се наменети за тоа.

Член 49

Секој работник опремата и средствата за лична безбедност и здравје при работа со престанување на работниот однос или со распоредување од едно на друго работно место, а на кое нема потреба од средства за лична безбедност должен е да ги врати на Музејот.
Опремата и средствата за лична безбедност и здравје при работа работникот е должен да ја врати во чиста и исправна состојба.

Член 50

Во колку кај средствата за лична безбедност и здравје од оправдани причини дојде до оштетување, уништување или се истроши пред истекот на рокот на траење, на работникот мора да му се даде ново средство на користење, откако претходно записнички ќе се констатира оправданоста.
За настанатото оштетување или уништување на средствата за лична безбедност и здравје при работа работникот е должен веднаш да го извести непосредниот раководител и одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа.

Член 51

Ако средствата за лична безбедност и здравје при работа се издаваат на употреба за работи кои се извршуваат повремено, работниците се должни по завршувањето на работата да ги вратат средствата во чиста и исправна состојба.

Член 52

Секое губење или оштетување на средства или опрема по вина на корисникот, непосредниот раководител и одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа записнички го констатираат, а согласно законските прописи се утврдува надоместок на штетата.

Член 53

Непосредните раководители и одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа, се грижат за набавка на потребните средства за лична безбедност и здравје, нивната правилна примена и одржување.
Набавените средства за лична безбедност и здравје при работа, мора да бидат изработени согласно МК-стандардите, Законот и правилата за безбедност и здравје при работа и обезбедени со потребен документ.

Член 54

Средствата за лична безбедност и здравје при работа, на работниците ги издава економ домакин, за што е должен да води посебна евиденција која ги содржи следните податоци:
- за кој работник се издадени средствата за лична безбедност и здравје;
- кои средства за лична безбедност и здравје му се издадени;
- денот на издавањето на средствата за лична безбедност и здравје.
- раздолжувањето, замената на оштетените и изгубените;
- рок на кој се издавани-користени и слично.

г) *Постапка во случај на повреда на работа*

Член 55

Под поимот повреда на работа се подразбира секоја повреда на работа која настанала при извршувањето на работите во Музејот, како и повреда која настанала при извршувањето на работите надвор од Музејот, а која има за последица привремена или трајна неспособност на работникот за нормално продолжување со работа.

Член 56

Во случај на повреда на работа, повредениот работник или друг работник должен е веднаш да го извести непосредниот раководител.
Непосредниот раководител најдоцна до 24 часа по настанувањето на повредата го известува Програмскиот директор и одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа.
Местото на кое настанала повредата мора да остане во онаа состојба во која било за време на настанувањето на повредата и тоа се додека надлежно лице или орган не изврши увид.

Член 57

За повредите на работа одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа оформува пријава за несреќа на работа.
Пријавата со податоците согласно законските прописи се изготвува во рок од три дена од денот кога настанала повредата.
Во случај на колективна или потешка повреда, како и смртен случај, одговорниот работник за спроведување на мерките за безбедност и здравје при работа ја известува инспекцијата на трудот и полициската станица.

Член 58

Заради елиминирање на ризикот од понатамошно влошување на здравствената состојба, заболениот работник ќе биде привремено распореден на други работи, согласно наодот и препораките, односно мислењето на здравствената установа.

Овластената служба - работник на Музејот, врз основа на писмена согласност на повредениот работник, без одлагање ќе поведе постапка пред надлежниот орган за утврдување на работната способност, согласно прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

д) *Евакуација во случај на непосредна опасност и пружање на прва помо*

Член 59

Во случај на природни непогоди, пожар, експлозија и слично сите работници во Завод и Музејот-Штип се должни да учествуваат во евакуација и спасување на работниците, затекнатите посетители, материјалните и културното наследство.

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на работниците, затекнатите посетители, како и материјалните и културното наследство од загрозените во релативно побезбедни објекти и простори.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природни непогоди, пожар, експлозија и слично, а со нивното останување на загрозениот простор се очекуваат големи загуби.

Член 60

Во случај на повреда, затруеност или нагло влошување на здравствената состојба на работник за работно време, на работникот му се укажува прва помош.

Првата помош ја укажуваат најблиските работници или здравствената установа.

Укажување на прва помош од страна на вработените во Завод и Музеј-Штип претставува посебна обврска.

Член 61

Укажувањето на прва помош се врши со стандардни и приручни средства на местото на повредувањето, а за потешко повредените се организира транспорт до најблиската здравствена установа.

Член 62

На видно и пристапно место во работните простории и изложбените сали, се поставуваат приручни аптеки со потребен санитетски материјал.

Раководителите на одделите/одделенијата и одговорниот работник за безбедност и здравје при работа, се грижат за потребниот санитетски материјал, исправноста, строгата наменска употреба и евиденцијата на санитетскиот материјал.

## V - ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 63

Измени и дополнувања на овој Правилник се врши на ист начин и постапка како и за неговото донесување.

Член 64

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување и објавување на огласна табла во

Член 65

За се она што не е регулирано со овој Правилник соодветно ке се применуваат одредбите од:

- Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 92/2007);

- Правилник за безбедност и здравје при употреба на опрема за работа ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 116/2007);
- Правилник за личната заштитна опрема која вработените ја употребуваат при работа ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 116/2007);
- Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 127/2007);
- Правилн ик за безбедност и здравје при работа при рачно пренесување на товар ("Службен весник на Р. Македониј" бр. 135/2007);
- Правилник за начинот на водење на евиденција во областа на безбедност и здравје при работа ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 136/2007);
- Правилник за условите, начинот и програмата за полагање на стручен испит за безбедност при работа, ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 138/2007);
- други прописи со кои ќе биде регулирана безбедноста и здравјето при работа.

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД И МУЗЕЈ-ШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР

Николчо Панзов